Вевчани. Ене го таму како бисер што го исцедила неговата школка Јабланица. Се обидува да блесне со сјајот од пред неколку години. Навистина тешко му оди. Премногу прашина му го прекри лицето последните четири години. Прашината што ја крена актуелната власт, се направи кал.

На бисерот Вевчани му треба роса како никогаш досега.

Драги Вевчанци,

Ништо не им може заборавот на деновите кога егзотичното место покрај бујните извори стана Општина Вевчани.

Се сеќаваме, тоа беше брилијантна заложба на СДСМ и нејзиниот лидер Бранко Црвенковски. Вистински погодок, во вистинско време, на вистинско место. Вевчани ја заживеа својата раскошна пролет. Рака на срце, убаво беше. Ведро, топло и единствено. Тоа беше кога СДСМ го чуваше Вевчани.

Пред четири години во Вевчани наврна многу снег. Тој беше измешан со нечистата победа на актелната влст. Простете, но Вевчани својата грешка ја плати со казна од четири години затвор од полуотворен тип. Се разбира, денес многу луѓе се обвинуваат себе си за направената грешка. Помина.

Доаѓа пролет, бисерот Вевчани повторно ќе блесне. Неговите граѓани совршено добро ќе умеат да одлучат на кого да му го доверат својот глас.

Во Вевчани оваа Пролет ќе се врати слободата.

Во Вевчани овие Локални избори ќе победи СДСМ и Коалицијата „Сојуз за иднината„. Тоа е многу логично, затоа што ние го почувствувавме и доброто и лошото.

Со почит,

Сашо Јанкоски

# Инфраструктура

## ЕНЕРГИЈА

- ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Проблем:

Во моментов поради недомаќинското работење  и невложување во  средства за енергетска ефикасност од страна на претходните градоначалници  во одржување на Општинската зграда и во поново време зградата на детската градинка  " Планински Цвет "  имаме огромна потрошувачка на нафта за греење и електрична енергија .

Решение:

Кандидатот за Градоначалникот од Коалицијата „Сојуз за иднината„ Сашо Јанкоски, се обврзува дека во текот на мандатот ќе ја промени старата дотрајана дограма, со нова енергетски поефикасна PVC   и исто така и  со нова термо фасада како на детската градинака "Планински цвет "  така и на Општинската зграда.

Со овој проект би се заштедило до 60 % од енергијата за греење   со што овој проект би се исплатил сам по себе а заштедените средства само по основ на греење би се вложиле во други проекти.

- ГРЕЕЊЕ

***Проблем:***

Греењето во овој момент се врши со нафта како скап енергенс и во Општинската зградата  како и во зградата на детската градинка  .

***Решение:***

Би го промениле енергенсот на греење од нафта  во гас, со што би се остварила поголема заштеда во буџетот на општината.

- ОСВЕТЛУВАЊЕ

***Проблем:***

Осветлувањето на Вевчанските извори и езерото во комплексот " Јанков Камен".

Ова преставува не само проблем од аспект на загуба на енергија него и опасност по животите на посетителите на локалитетот Вевчански извори и комплексот " Јанков камен".

Имено на овие локалитети поради оставените незаштитени кабли постои опаснос од струјни удари и несакани смртни случаи.

***Решение:***

Под хитно би се санирале недостатоците во инсталацијата и трансформирање на електричната енергија во опасните зони каде што има допир со водата од 220 V на 12 V.

## Водовод и канализација

Дозавршување на канализационата мрежа на потегот од Варвара до Вердански пат со што би се заокружила канализационата мрежа, и со изградба на современа пречистителна станица би се решил проблемот со загадувањето на Вевчанската река.

## Урбанизам

Изградба на улици

За време на мандатот на градоначалникот од Сојузот за иднината во Вевчани ќе се дозавршат локалните патни правци:

Спојување на Каланој со кракот од заобиколницата кон Здравствен дом

Реконструкција на дело од постојните локални патишта.

# Сообраќај

***Проблем:***

Овој проблем се однесува на потегот од фабриката Стружанка до Здравствениот дом во Вевчани. Овој потег е завршен до местото викано Каланој останува да се изгради уште околу 700 метри. На овој потег не се решени имотно правните односи па треба да се направи експропријација на дел од имотот или во договор со сопствениците.

***Решение:***

Изградба на 700м пат, по решавање на имотпо-правните спорови. Рок: 2013-2014 година

***Проблем:***

Проблем со дел од улиците

***Пробивање улици***

Заради понатамошна урбанизација ќе се изврши пробивање и изградба на локални улици на потегот од Варварски пат до Верднаски пат и од месноста викана Кула до Смолејца.

# Речно корито

Градоначалникот од Коалицијата „Сојуз за иднината„ ќе се ангажира за довршување на кејот на речното корито на Вевчанска река на потегот од Дејков мост до Вевчански извор.

# Наводнување

Изградба на трапезни канали за наводнување на обработливите површини во атарот на Вевчанско поле како и тековно одржување на во моментот запуштените постојни канали.

# ИНВЕСТИЦИИ И ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

## Капитални инвестиции

***Проблем:***

Вевчани во моментов има голем проблем  со непостоењето на ниеден спортски објект на своја територија на кој би можело да се тренира во текот на есенскиот и зимскиот период.

Па така децата од Вевчани се приморани да патуваат  и по 15 км  во еден правец како би трењирале во околната Струга.

Тоа претставува големо малтретирање како за самите деца, така и за нивните родители кои ги носат и враќаат секо ден од тренинг. Освен што претставува малтретирање за самите родители истото преставува и сериозен удар на нивниот семеен буџет .

Заради овој факт на територијата на Вевчани не егзистира нити еден спортски клуб.

***Решение:***

Затоа под итно на Вевчани му е потребна една спортска сала од затворен тип како би се вратил спортот во Вевчани.

Овој објект би се изградил во комплексот заедно со новото училиште и детската градинка каде е одредена локацијата за истата.

***Проблем:***

Во овој момент во Вевчани градба која би требало да личи на  пречистителна станица  за механичкиот отпад од канализацијата во Вевчани, но таа никогаш не профункционира како пречистителна станица и преставува дувло на зараза, контаминирајќи ја околината на Вевчани како и Вевчанска река.

Прв приоритет на кандидатот за градоначалник на Вевчани од Градоначалникот од Коалицијата „Сојуз за иднината„ е изградба на пречистителна станица од понов вид

(со биолошко разградување со био- филтри). Конвенционална пречистителна станица не се предвидува бидејќи нашата општина Вечани не би можела сама да го плаќа нејзиното одржување ( електрична енергија , резервни делови и др.

***Решение:***

Заради ова е неопходно да се изгради прочестителна станица од поновите типови ( со биолошко разградување со био филтри). Бидејќи конвенционална прочестителна станица не би функционирала затоа што Општината Вечани самостојно не би можела да го плаќа нејзиното одржување ( електична енергија , резервни делови) и др.

# ПОДОБРИ УСЛУГИ ЗА ГРАЃАНИТЕ

## Едаков пристап према сите

***Проблем:***

Не еднаков пристап односно партиски протекционизам од страна на градоначалникот према граѓаните на Вевчани(пример со неиздавање на дозвола за градба за изградба на пекара).

***Решение:***

Кандидатот за Градоначалникот од Коалицијата „Сојуз за иднината„ Сашо Јанкоски, јавно се обврзува дека нема да има никаков протекционизам независно на која партија, вера или нација припаѓал инвеститорот што би сакал да инвестира во Општина Вевчани.

## Администрација

***Проблем:***

Преврaботеност дуплирање на Општинската администрација.

Општина Вевчани сама по себе претставуваше пример за себе .Имено таа беше димензионирана да функционирабакако мала Општина со мал буџет и мала но ефикасна администрација. Ова актуелна гарнитура направи нови 5 вработувања со дуплирање на истите работните места со што наместо парите за овие нови дуплирани места да се вложат во развој на Општина Вевчани се исплаќаат за непотребни работни места.

***Решение:***

Би се направила ревизија на работењето на градоначалникот и би се направила нова систематизација на работните места во Општинската администрација.

# КВАЛИТЕТЕН ЖИВОТ

## Образование

***Проблем:***

Уништено основното образование во Вевчани. Иако ние Вевчанци се гордееме дека имаме образование од 1835 година кога за првпат започнало со работа првото граѓанско училиште на територијата на Општина Вевчани, во моментов учениците во Вевчани веќе 7 години учат во мизерни услови во зградата на Општина Вевчани во училници од по 9м². Освен тоа со погрешните и насилно донесени одлуки ги урнисаа и односите во колективот на основното училиште " Страшо Пинџур" така да сега тоа сега личи на се освен на образовна институција.

***Решение:***

Со кадровски решенија, кои ќе се носат во рамки на Законот за основно образование, ќе се работи на враќање на позитивната училишна клима и подобрување на односите во колективот.

Ќе се спроведе Решението на Управниот суд која овој градоначалник не ја спроведува со што директно го крши законот и би направиле ревизија на недомаќинското работењето на актуелниот директор.

## Спорт

***Проблем:***

Вевчани во моментов има голем проблем со непостоењето на ниту еден спортски објект на своја територија на кој би можело да се тренира во текот на есенскиот и зимскиот период. Па така децата од Вевчани мораат да патуваат и по 15 км во еден правец како би тренирале во околната Струга.

Тоа претставува големо малтретирање како за самите деца , така и за нивните родители кои ги носат и враќаат секој ден од тренинг .Истовреено, ваквата состојба преставува и сериозен удар на буџетот на вевчанските семејства со млади спортисти .

Заради овој факт на територијата на Вевчани не егзистира нити еден спортски клуб.

***Решение:***

Кандидатот за Градоначалник од Коалицијата „Сојуз за иднината„ се обврзува дека во Вевчани ќе биде изградена спортска сала од затворен тип како би се вратил спортот во Вевчани. Овој објект би се изградил во комплексот заедно со новото училиште и детската градинка .

# Култура

***Проблем:***

"Старата школа" во Вевчани е надвор од употреба од 2005 година. Заради нарушена статика надлежната испекција забрани во овој објект да се изведува настава. Последниве две три години објектот е изложен на забрзано уништување. Локалната самоуправа не покажа никаков интерес објектот елементарно да се заштити.

Објектот се наоѓа во строгиот центар на Вевчани. Граден е во првите години после ослободувањето 1946-47 година со средства на граѓаните на Вевчани. Има корисна површина од околу 1200 м2.Проектиран е во неокласичен стил. Неговиот изглед и импозантни димензии, како и времето во кое граден го прават еден од најзначајните објекти од тој период во Македонија. Процесот за ревалоризација на вредностите на овој објект е почнат и тој со сигурност ќе добие статус на заштитен споменик на културата.

***Решение:***

Прв приоритет на Градоначалникот од Коалицијата „Сојуз за иднината„ Сашо Јанкоски, ќе биде реконструкција и адаптација на старата зграда на основното училиште во Вевчани за културни дејности.

Кога тој ќе биде завршен, покрај заштитата на објектот,неговата архитектонска, градителска и историска вредност, Вевчани и регионот ќе добијат идеални услови за презентација на своите културни дострели од областа на музејската, библиотекарската, ликовната и музичката дејност .